INTERCERT
system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-034/2019

Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

**Архивски број: 10-** 4092/1
**Датум: 28.05.2021 година**
02-06-2021

**До: Здружение на приватните лекари на Република Северна Македонија**

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Врз основа на член 106, а во врска со член 75 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19 и 146/19), министерот за труд и социјална политика во 2019 година има донесено *Правилник за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги помош и нега во домот* кој ви го испраќаме во прилог на овој допис.

Во член 10 од правилникот е пропишано дека матичниот лекар го проценува степенот на намаленост на функционалниот капацитет за остварување на основните активности со користење на „Индекс Кац на независност во остварување на активностите од секојдневниот живот" и врз основа на тоа подготвува мислење за потреба од помош и нега во домот на лицето за остварување на основни активности.

Со оглед на тоа што во следните неколку месеци се очекува за правото на помош и нега во домот во Центрите за социјална работа да аплицираат повеќе од 1000 граѓани на територија на 26 општини потребно е матичните лекари да бидат соодветно запознаени со оваа обврска и да ја реализираат согласно правилникот.

Заради непречено одвивање на процесот и овозможување на секое старо лице со намален функционален капацитет да добие можност за аплицирање за правото од помош и нега во домот ве молиме да ги информирате соодветно матичните лекари.

Доколку се потребни дополнителни информации можете да се обратите на следниот контакт: Дрита Аслани e-mail:DAslani@mtsp.gov.mk, tel: 076 448- 073.

Со почит,

**МИНИСТЕР**
**Јагода Шахпаска**

Изработил: Д.Аслани
Одобрил: С. Спасовска
Согласен:З. Мемети